Август 2010 Бр.106

# FOREVER
MACEDONIA

**SUCCESS DAY**
**16.09.2010**
**Holiday Inn**
почеток:
19 часот





EUROPEAN RALLY & PROFIT SHARE VIENNA 2011



# ЕВРОПСКО РЕЛИ

## Виена, Австрија, Април 15-16, 2011

Период на квалификација: 1 Јули - 31 Октомври, 2010

### НИВО 3

**Достигнете вкупен промет од 95 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа група од дистрибутери**

- ★ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ*
- ★ 3 НОЌЕВАЊА
- ★ АВИОНСКА КАРТА




### НИВО 2

**Достигнете вкупен промет од 50 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа група од дистрибутери**

- ★ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ*
- ★ 3 НОЌЕВАЊА




### НИВО 1

**Достигнете вкупен промет од 20 бода (вклучувајќи ги и вашите лични бодови) во рамките на оваа група од дистрибутери**

- ★ ВЛЕЗНИЦИ ЗА РЕЛИ*




**Нови стандардни правила за СИТЕ нивоа: спонзорирајте минимум три нови дистрибутери во ваша прва линија кои ќе го достигнат нивото на Асистент Супервизор. Секој нов дистрибутер мора да го постигне минимумот бодови назначен погоре.** Бидете активни (со 4 бода) во текот на секој месец додека трае квалификацијата. Оваа квалификација ќе трае од 1 јули 2010 до 31 октомври 2010. Сите услови за квалификацијата треба да се исполнат во текот на посочениот период. Новите дистрибутери кои сакаат да учествуваат во квалификацијата треба да имаат активност од 4 бода уште во првиот месец и да бидат активни во секој следен месец од квалификацијата. (Пример: ако дистрибутерот потпише договор во средината или крајот на јули, од него ќе се бара да биде активен во јули, август, септември и октомври. Ако дистрибутерот потпише договор во октомври и постигне ниво 1, 2 или 3 во октомври, тој треба да биде активен со 4 бода). За датум на зачленување се смета датумот на кој дистрибутерскиот договор ќе се внесе во компјутерот на Централната канцеларија. Наградата не може да се даде во форма на пари. Наградата не може да биде префрлена на друго лице. Квалификацијата е валидна само за дистрибутери од Европа. Сите дистрибутери кои се во тимот треба да бидат спонзорирани во државата во која живеат. ФЛП не сноси одговорност за дистрибутери кои не ги запознале или не ги разбрале правилата на програмата за квалификација. Нема да бидат направени никакви исклучоци. За повеќе информации и прашања може да се обратите до Генералниот Директор на ФЛП Бугарија/Македонија.

## Направете денешниот ден да ви биде ден на Форевер

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**



На моето неодамнешно патување во Унгарија, Турција и Германија, уште еднаш се воодушевив од влијанието кое го има Форевер во целиот свет. Кога заедно со Aidan се придруживме на 12000 пријатели на Success Day во Будимпешта, помислив дека можностите кои Форевер ги нуди можат многу да го подобрат животот на луѓето. Мораме да продолжиме да ја шириме пораката за здравје, благосостојба и среќа.

Се потсетив дека сите ние минуваме низ искушенија и потешкотии во животот, како и низ радост и среќни моменти. Кога пристигнавме во Европа, имаше врнето дожд речиси цел месец. Не еден коментираше колку е лошо времето и како тоа влијае на луѓето. Им кажав дека иако не можеме да влијаеме на времето, можеме да влијаеме на нашиот став кон него, и полушеговито им реков: "Јас носам сонце со себе, каде и да одам. Не грижете се!"

Како луѓето во Европа, кои привремено беа заборавиле на радоста од сончевите зраци, така и секој од нас може да ги заборави среќните моменти кога ќе има потешкотии. Животот несомнено може да биде тежок, но исто така може да биде полн со надеж и можности ако се потрудиме да ни биде подобро и го акцентираме позитивното. Им објаснив дека во Аризона има толку многу сонце, што ние се радуваме на врнежливите денови. Нашиот став не го одредуваат околностите, туку начинот на кој ги прифаќаме. Секако дека во животот се случуваат трагедии со кои треба да се справиме, но најпосле, нашиот однос кон нештата е токму таков - наш личен. Ние сами одлучуваме како ќе одговориме на дадена добра или лоша ситуација. Пред многу години, Edgar A.Guest ни́ напомна за истото:

Бидејќи врне кога ние не сакаме да врне,
Бидејќи луѓето прават нешта кои обично не би ги правеле,
Бидејќи е лоша година, и плановите пропаѓаат-
Некои мрморат по цел ден, потонати во тага,
Но некако, и покрај грижите и сомнежите,
Накрај светлина во тунелот се гледа.

Бидејќи надежите не ни се оправдани,
Бидејќи болката понекогаш не́ совладува,
Бидејќи има повеќе работа од забава,
Некои сеуште цимолат и не гледаат решение.

Но како што по ноќта
денот доаѓа,
На крај се намалуваат и
нашите грижи.

Бидејќи не можеме вечно да се смееме,
Бидејќи патот е правлив и сложен,
Бидејќи често крајот не му се гледа,-
Некои цимолат дека нема надеж.
Но, некако живееме и небото над нас просветлува,
И најпосле нештата сами се средуваат.

Свиј го грбот и пресретни ги грижите,
Зошто облакот ќе си отиде и сонцето ќе заискри.
Нека врне дожд, како што треба и е неизбежно,
А ти продолжи напред и не губи надеж.
И покрај мрморковците кои вечно седат и чекаат
Некако на крај нештата ќе се средат.

Погледнете околу себе со полно срце и отворена свест. Ќе видите дека иако има обесхрабрувачки денови и повремени тешкотии, со време, трпение и упорност, нештата се средуваат. Сонцето најпосле навистина се појави над облаците и деновите беа прекрасни. Исто и вие можете да го носите сонцето со себе, каде и да одите.Одлуката е ваша. Затоа секој ден, штом се пробудите спомнете си за сите благословени дарови во животот и не заборавајте дека сте дел од најдобрата бизнис можност на светот. Одлучете денешниот ден да го претворите во ден на Форевер.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## Драги пријатели,

Повеќе од 30 години Форевер им нуди можност на луѓето да си го променат животот. Со претставништва во повеќе од 145 земји компанијата допира до милиони домаќинства и како што ние имаме обичај да кажеме, таа стана "најдобрата бизнис можност на светот".

Во нашата компанија знаеме дека желбата за вистинска благосостојба е прашање на внатрешно убедување. Единствено вие знаете каде може да ве одведе тоа убедување. Во ФЛП се гордееме дека претставуваме систем за реализирање на цели и мечти. Висококвалитетните производи и дарежливиот маркетинг план се инструменти за постигнување на толку голема благосостојба, колку што вие сакате. Сето тоа е ФЛП - систем и инструменти, кои МОЖЕТЕ да ги користите, ако сте СПРЕМНИ и имате ЖЕЛБА за тоа.

ФЛП не е брз и лесен начин на богатење.Фактот дека компанијата нуди можности за дополнителни месечни доходи од неколку стотини до неколку десетици илјади евра секој месец, не значи дека ќе ги добиете автоматски, без труд и напор. Во врска со ова, сакаме да ви кажеме нешто што ни остави силен впечаток, особено сега кога тече квалификацијата за Европкото рели 2011. Многу дистрибутери тврдат дека квалификацијата за Европкото рели е многу тешка и практично недостижна. Тие размислуваат на истиот начин и за постигнување повисоко ниво од Асистент Супервизор во маркетинг планот. Ние во целост ќе се согласиме со нив, но само при еден услов-дека станува збор за постигнување на тие цели без или со минимален труд.

Да разгледаме еден пример: за да постигнете второ ниво на квалификацијата за Европското рели, треба да спонзорирате три нови дистрибутери во текот на ЧЕТИРИ месеци и во тој период да им помогнете да станат Асистент Супервизори. Два од нив треба да имаат најмалку по15 бода вкупен бизнис во тој период, а третиот треба да има уште 2 бода и сите заедно (трите нови и вие лично да имате вкупно 50 бода бизнис во период од ЧЕТИРИ месеци). Значи, 50 бода за ЧЕТИРИ месеци. Да земеме дека една домашна забава може да донесе нов бизнис од продажби од 0,5 до 1 бод, а едно бизнис претставување пред три до пет гости ќе донесе зачленување на еден нов дистрибутер со обрт од 1 бод. Тоа е потполно реално, нели? Може и повеќе, ќе кажете, но за цел на математиката, ќе ги оставиме овие песимистички бројки. Што значат тие? Дека ако сакаме да имаме 50 бода, ние и трите нови дистрибутери ќе треба да направиме приближно 50 до 75 презентации за производите и бизнисот за овие 4 месеци. Многу или малку работа е ова? Да видиме... Една бизнис или презентација на производи одзема максимум 2 часа. Значи за овие 4 месеци ќе треба да поработиме 100-150 часа за да го реализираме потребниот обрт. Тоа прави помеѓу 25 и 38 часа на месец, или 4 до 6 часа неделно..., или 48 до 72 минути на ден (при 5-дневна работна седмица). Да додадеме уште толку време за подготовка (работа со список, покани, пат и др.)-стануваат помеѓу 1,5 и 2,5 часа дневно вистинска работа. Во замена ќе добиете бесплатно патување за двајца во вредност од неколку илјади евра и мрежа која работи со обрт кој ќе ви носи неколку стотини евра секој месец... со години.

А сега имаме две прашања:

1. Дали уште мислите дека е тешко? (не заборавајте дека многу луѓе работат за 200-300 евра месечно по 8-10 часа дневно!)

2. Дали вреди? Одговорете си себеси, не на нас.

Веќе може да пресметате и колку "тешко" е да станете Супервизор или Менаџер, да се квалификувате на трето ниво за Релито во Виена, или пак да станете Менаџер Орел, или ...

Не заборавајте дека се́ ова е без нужност од сериозни инвестиции, без ризик и најважно- секој може да го направи- не е потребно да се кандидирате и да ви одобрат за оваа работа. Форевер е едно големо семејство од милиони луѓе ширум светот кои исто како вас ја користат оваа можност. Луѓе кои не мислат дека 2,3 или 5 часа на ден е МНОГУ и ТЕШКО. Инаку, согласни сме дека без труд е многу тешко, дури и невозможно!

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви

# Клучот кон младоста е во Форевер

Современото општество станува сé повозрасно. Според статистиката мажите живеат просечно до 75 години, а жените до 81 години. И не е чудно што многумина имаат желба и во напредната возраст да бидат умствено и физички активни.

Кој не се храни умерено и балансирано, го убрзува процесот на стареење, зошто преку храната луѓето внесуваат важни хранливи материи како витамини, минерали и микроелементи. Тие овозможуваат размена на материите и се борат со слободните радикали. Ако се наруши балансот, се нарушува и здравјето на организмот. Освен тоа во одредени периоди од развојот на човекот-како пубертет, бременост, доење или при болести и стресни ситуации, има зголемена потреба од одредени хранливи материи. Ако тие не се внесуваат во доволно количество, клетките не се дохранети, се нарушува нивното правилно функционирање и следствено имаме предвремено стареење.

Процесот на стареење осетно се забавува доколку се намали бројот на слободни радикали во телото. Ова е можно со помош на антиоксидантите. Тие ги ловат слободните радикали и ги уништуваат. Овошјето и зеленчукот, посебно во боите на виножитото е најдобар извор на антиоксиданти. На ден ви се потребни најмалку пет до седум овошно-зеленчукови порции. Но кој успева да изеде толку овошје и зеленчук дневно?



Форевер Ливинг знае дека не секогаш успеваме балансирано да се храниме. И за да не страдате од дефицит на важни хранливи материи, ги создаде таблетите **Nature`s 18** - патентирана формула од најкорисниот зеленчук и овошје. Само 4 таблети на ден ви обезбедуваат антиоксидантен еквивалент на пет порции овошје и зеленчук кои го засилуваат имуниот систем со растителните антиоксиданти кои се содржат во нив.



А што ќе кажете за егзотичниот пијалок кој освен што е многу вкусен е и супер-антиоксидант? **Forever Pomesteen Power** е патентирана смеса од овошни сокови и екстракти со силно антиоксидантно дејство. Пијте го наутро на гладно со чаша вода или **Aloe Vera Gel**, или во секое време од денот, според ваша желба.



Мастите не секогаш се штетни. Омега-3 масните киселини се неопходни за правилна размена на мастите и штитат од заболувања на кардиоваскуларниот систем, така да јадете најмалку еднаш седмично риби како скуша, лосос или харинга, кои се богати со овие масти. Незаситените масни киселини, познати како Омега-9 кои обично ги има во растителните производи, како маслото, имаат способност да го намалуваат нивото на холестерол. Ако редовно не конзумирате риби од студените мориња и ладно цедено масло, **Arctic-Sea** е додаток во исхраната кој ќе ви помогне да го надокнадите евентуалниот дефицит.



Недостатокот од движење неповолно се одразува врз размената на материи, го забавува крвотокот и резултатот е стеснување на крвните садови и болестите како срцеви и мозочни удари. Тренираното тело има потреба од помалку енергија од нетренираното и така ослободува помалку штетни материи. За да сте физички активни и подвижни ќе ви помогне **Forever Freedom**-кој содржи гел од алое вера, глукозамин, МСМ и хиндроитин, кои ги засилуваат коските и стимулативно делуваат на размена на материите. Ако активно спортувате, треба редовно да пиете **Forever Freedom** за да ги сочувате зглобовите.



Најмалку 40% од жените и 12% од мажите страдаат од остеопороза. Здравата исхрана и движењето се во состојба да ја спречат нејзината појава. Ако пиете редовно засладени газирани пијалоци, кока-кола и повеќе од 3 кафиња на ден, вашиот организам има потреба од дополнително количество калциум. **Forever Calcium** е многу погоден за тоа, бидејќи содржи калциум, магнезиум и витамин Д во оптимален соодност кој дава можност за целосно усвојување на калциумот.





Прекумерната тежина исто така е една од причините за предвремено стареење. Оние кои страдаат од дебелина, ризикуваат да си го скратат животот до 20 години. Еден начин за успешно да си ја регулирате тежината е два пати седмично да ја пропуштате вечерата. А уште побрз, лесен и здрав начин да се спасите од прекумерните килограми е програмата за контрола на тежината **Clean 9** и **Lifestyle 30.**



Во кошниците пчелите ја припремаат за кралицата-мајка најквалитетната храна-матичниот млеч. Вие исто можете да имате корист од него - со **Forever Royal Jelly** ќе си ја зголемите виталноста, ќе го засилите имунитетот и успешно ќе се борите со стресот.



**Forever Garlic Thyme** ја обединува силата на две растенија-лукот и мајчината душица. За корисните својства на лукот знаат и малите деца-тој го стимулира крвотокот и го засилува имунитетот. Мајчината душица го потпомага варењето на масна храна и го чисти органиозмот.



Водата е еликсир на младоста. Таа ги раствора и транспортира важните хранливи материи во телото. Процесите на размена на материи се можни само со доволно течност. За да помогнеме на детоксикацијата и да ја сочуваме свежината на кожата важно е да внесуваме доволно количество течности. Добра можност за тоа-заедно со чистата вода- е **Aloe Blossom Herbal Tea,** кој содржи цветови од алое, канела, ѓумбир, каранфилче, кардамон, камилица и цимет.

Со производите на Форевер Ливинг Продактс младоста не брза да си замине.

Тања Стаева




# FOREVER FREEDOM2GO

## Џебен Фридом

## ОПИС И СВОЈСТВА

Џебен фридом, како што самото име го покажува тоа, ќе ви го понуди корисниот пијалок и многу повеќе. Џебниот фридом ги има сите корисни својства на Форевер фридом, но и уште нешто. Земете ја моќната калинка-без сомнение една од најбогатите овошки со антиоксиданти, искомбинирајте ја со состојките кои успеваат да ги одржуваат зглобовите здрави и подвижни, додате ја оваа смеса на уникатниот гел од алое вера  на Форевер, и тоа заедно исипете го во една симпатична, мала и удобна паковка и ќе го добиете Џебниот Фридом! Сега веќе нема причина да ја пропуштите вашата корисна доза, која ги одржува вашите зглобови, додека се препуштате на дневниот ритам...Џебниот фридом е тука за да ви даде сила за сé  што ќе ви донесе вашиот активен начин на живот.

Зглобовите имаат потреба од движење, за да бидат здрави. Нашите преоптоварени тела имаат потреба од поткрепа на имунолошкиот систем, за да можеме да го одржуваме ритамот. Глукозамин сулфат и хондроитин сулфат се природни состојки кои се докажани со своето корисно својство за здрави и подвижни зглобови. Метил сулфонил метан (МСМ) е основниот извор на органски сулфур, од кој нашиот организам има потреба за да ги одржува здрави сврзните ткива и зглобови. Форевер ги искористи овие три моќни состојки на Форевер Фридом, заедно со нашиот исклучителен гел од алое вера со неговите својства да го одржува имунитетот и кон тоа го додаде вкусниот антиоксидантен сок од калинка. Резултатот е-голема сила во мало пакување!

Глукозаминот е шеќер кој се произведува во организмот. Тој се содржи во мали количини во ограничен број на производи за исхрана. Неговата гелообразна структура го омекнува подвижниот дел од зглобовите и ја зајакнува ‘рскавицата. Се смета дека глукозаминот ја заштитува и заздравува ‘рскавицата околу зглобовите. Според испитувањето, објавено во октомври 2002 г. во “Архиви на внатрешната медицина” (Archives of Internal Medicine) и цитирано од www.wholehealthmd.com, секојдневниот прием на глукозамин сулфат ја намалува болката и ја подобрува мобилноста на зглобовите. Затоа не пропуштајте да ја земете својата доза Џебен фридом пред да отидете на тренинг, прошетка или пливање. Дајте им ја потребната поддршка на вашите зглобови! Хондроитинот исто така е природна компонента на ‘рскавицата, кој го омекнува движењето на зглобовите. Исто така можно е хондроитинот да ги блокира ензимите кои го уништуваат ‘рскавичното ткиво. Ако додадете хондроитин суфат кон вашиот режим на исхрана, можете да си обезбедите здрави и подвижни зглобови долго време. А Џебниот фридом во списокот на состојки содржи и МСМ. МСМ е органска форма на сулфур за која се смета дека помага во одржувањето на здрави сврзни ткива и  добра функција на зглобовите. Џебниот фридом е едно мало чудо со голема сила, ставено во удобно пакување! Џебниот фридом е уникатна комбинација од неверојатниот алое вера гел на ФЛП, појачан со природните состојки за одржување на здрави зглобови и антиоксидантната моќ на калинката. Овој пијалок е еден од најквалитетните и најполезни пијалоци  во групата на додатоци во исхраната кои се нудат на пазарот. Калинката содржи повеќе антиоксиданти од црвеното вино, зелениот чај или боровинките. А кога ќе го додадеме витаминот С и гелот од алое вера, вашиот имунолошки систем и сите ваши зглобови во целост ќе ја почувствуваат моќта на Џебниот фридом!



### ОСНОВНИ СОСТОЈКИ

Стабилизиран гел од алое вера (сок), концентриран природен овошен сок од калинка, глукозамин сулфат, хондроитин сулфат и метил сулфонил метан.

### ДРУГИ СОСТОЈКИ

Фруктоза, природна арома на калинка, лимонска киселина (регулатор на киселоста), калиум сорбат (за зачувување  на аромата), токоферол (антиоксидант).

**Содржи морски ракчиња**

### ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Пијте по едно пакување еднаш или двапати на ден, најдобро е пред јадење. Доколку не ја испиете целата содржина од паковката, останокот ставете го во фрижидер. За оптимални резултати козумирајте во рокот од 24 часа откако ќе го отворите.

### ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Содржи глукозамин, хондроитин и МСМ.
- Прекрасен вкус на калинка.
- Удобна и лесна паковка за носење.

# Пријател се познава во неволја

## Peter Lenkey, административен директор на ФЛП во Европа



Обично велиме дека мајскиот дожд е златен. Камо среќа да сме толку богати колку што дожд наврна во мај и јуни во Европа. Немаше ден без дожд. Најчесто бурите беа свирепи, носеа покриви и корнеа дрвја. Понекогаш лиеше со часови и денови, понекогаш едноставно имаше ситен дожд. Како резултат на „монсунските дождови ", така нетипични за Европа, потоците и реките, кои ги наводнуваат полињата, се претворија во природна непогода. Реките не можеа да се справат со пороите од кал и нивните нивоа започнаа да се покачуваат брзо. Дури и највозрасните не помнат вакво нешто. Неконтролираните надојдени води носеа сé пред себе - илјадници декари со насади, шуми, штали, фабрики, супермаркети, села, градови. Во селата маршутата на водата беше обележена од пустош - бутнатите дрва и електрични столбови ја покриваа земјата дури до хоризонтот, пруги, мостови, патишта беа однесени, куќите беа покриени со вода и кал. Немаше струја, вода, ниту нормални секојдневни услуги. Селата во котлините беа отсечени со денови од светот. Единствен начин да се стигне до тие места беше со чамец, а во помалку засегнатите региони - со гумени чамци.




Во компанија како нашата, човек може да биде сигурен дека насекаде има дистрибутери на ФЛП - во секое катче на земјата и светот. Неверојатно е чувството дека имаш пријатели насекаде и можеш да сметаш на нив и тие на тебе. Во такви околности новините брзо се пренесуваат- побрзо дури и од радиото и телевизијата. Во тие тешки моменти,Rex Maughan, сопственик и Претседател на бордот на директори на Форевер и Aidan O'Hare, Потпретседател за Европа ја посетија Унгарија, Турција и Германија. Во замокот Szirak во Унгарија тие лично ги слушнаа телефонските јавувања на дистрибутерите на ФЛП кои живеат во поплавените региони, кои очајно се бореа со природните катастрофи на 200 - километарските насипи долж реките. Во изминатите седмици беа наполнети десет илјади вреќи со песок и беа користени за да се зацврстат насипите. Sandor Milesz, Генералниот директор на ФЛП Унгарија, беше во постојана комуникација со дистрибутерите и се информираше за ситуацијата. Слушнавме дека водата пробила еден од насипите и наближуваше до селата и градовите. Слушнавме дека нивото на водата постојано се покачува.Rex побара брза и недложна помош и првата пратка со изворска вода на Форевер; Fast Break Bars; Ultra – Lite и MPD отпатува од складот на ФЛП веќе следниот час. Луѓето работеа на насипите подолго од една седмица и имаа потреба од поткрепа - храна, вода и детергенти.

Два часа откако првата пратка го напушти нашиот склад, слушнавме дека селата во северните региони на Унгарија, јужните делови на Полска и источна Словачка се целосно поплавени. Вестите на ТВ истата вечер беа трогателни. Бројот на куќите кои останаа под вода или беа срушени во стихијата сéуште беше неизвесен, ниту пак беше јасно колку луѓе за-







гинаа, колку насади се уништени и колку изнесуваат штетите. Денес веќе знаеме дека илјадници куќи се разрушени, а луѓето претрпеа штети од милијарди евра.

По првиот камион на Форевер испративме други. Вкупно испративме 15 палети вода, Fast Break; Ultra-Lite, Bee Honey, Avocado Soap, Bright Toothgel, First, Aloe-Jojoba Shampoo, Nature's 18 и MPD во другите држави. Помошта беше распределена од локалните власти и со помош на дистрибутерите на Форевер во соодветните области. Во меѓувреме екипи на дистрибутери од целиот регион ја започнаа својата сопствена акција и собираа храна, мебел, облека, обувки и др. за оние што ја изгубиле целата покуќнина. Огромни количества донации беа складирани и распределени во складовите на ФЛП пред да бидат транспортирани. Вработените и дистрибутерите работеа рамо до рамо, од утро до доцна во ноќта, за да ја припремат помошта да отпатува што е можно побрзо. Им благорариме на сите кои даруваа помош или своето време и енергија за да им помогнат на настраданите од поплавите.



Следната етапа од европската посета на Rex и Aidan беше Турција, а потоа Германија за величественото отворање на новата гордост на ФЛП во Европа - замокот Freiham, близу Минхен. На историското отворање на целосно реновираниот замок од почетокот на XVII век ( кој беше во многу лоша состојба пред реконструкцијата ), Rex и Aidan собраа уште донации за поплавените региони. Aidan го водеше наддавањето како вистински аукционер и за само половина час беше продадена специјална чаша за кафе во замокот Freiham, потпишана лично од Rex за 5000 евра! Највисоко наддадоа Сафир Менаџерите Horst и Margita Kelm, кои беа на отворањето со прекрасното семејство. Ви благодариме Horst и Margita за вашата вредна донација. Веднаш откако чашата беше купена, Rex објави дека Форевер ќе ја удвои сумата и со средствата ќе се испратат уште производи од европскиот склад на ФЛП - Forever Direct ( FD ).

Самиот FD исто ја удвои сумата и уште следната седмица од складовите на Холандија отпатува пратка во вредност 20.000 евра. Таа беше распределена во унгарскиот склад пред да биде препратена кон настраданите во Полска, Словачка и Унгарија. Голема благодарност и кон Martin Zegers, директор на Forever Direct и целата негова екипа.

Сакам да изразам огромна благодарност на Rex и Aidan за одличниот пример кој го дадоа, на Ген. директори на ФЛП Унгарија - Dr. Sandor Milesz; на ФЛП Полска - Jacek Kandefer и на ФЛП Словачка Ivan Kiszling, како и на нивните екипи кои беа дел од овој важен проект. Уверен сум дека тој е само еден од многуте кои Форевер ги води преку фондацијата Forever Giving и одлично ја илустрира мудроста: „Пријател се познава во неволја ".

Форевер уште еднаш покажа кои сме и што мислиме кога тврдиме дека „Силата на Форевер е силата на љубовта ".





FOREVER

## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во дисконтот на ФЛП.

- **Секој понеделник: Мери Џајковска-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**
- **Секој вторник: Слафко Михајловски, Соаринг Менаџер**
  **Почеток: 17:30 часот**
- **Секоја среда: Апел Александар-Менаџер**
  **Почеток: 17:30 часот**
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска - Менаџер**
  **Почеток: 17:00 часот**
- **Секој петок: Симо Маљановски - Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**

## SUCCESS DAY

**16.09.2010 - четврток**
**Holiday Inn, почеток: 19 часот**
влезот е слободен

## СООПШТЕНИЕ

**Во месец август работна сабота е: 21.08.2010.**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@mt.net.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

### Квалификации за јули 2010

**НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1.Славица Донакова
2.Катерина Трајчевска
3.Зорка Малинова
4.Дејан Брсакоски
5.Вера Златковска
6.Др.Снежана Контра
7.Др.Роза Гелевска
8.Александар Апел
9.Слафко Михајловски
10.Љубица Андонова

**ТОП 3 - Вкупен обем**

**1.Кирил Дрзманоски**
**2.Слафко Михајловски**
**3.Катерина Трајчевска**

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**
ул. Владимир Комаров 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@mt.net.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## Квалификации за јули



**Асистент Супервизори**

1. Бранѓолица Марија- Скопје
2. Ѓурева Снежана-Скопје
3. Глигорови Венера и Васил- Струмица
4. Димитриевски Билјана и Стојанче- Гевгелија
5. Димовски Младен- Скопје
6. Зафировски Крсто и Марина- Кратово
7. Зифовски Дарко- Скопје
8. Јордановски Др.Сузана и Драган- Куманово
9. Јовевски Марија и Бранко- Гевгелија
10. Костадиновска Гордица- Куманово
11. Мадиќ Андријана- Скопје
12. Мирчовска Надица- Скопје
13. Наумовски Снежана и Мирче- Скопје
14. Ненови Винка и Иван- Скопје
15. Стаменковски Марија и Звонко- Штип
16. Џемаили Џеват- Скопје
17. Муцоли Мухамед и Ганимете- Подујево

## КОМБИНАЦИЈА ЗА ЛЕТЕН ОДМОР




**Aloe Sunscreen-** Уникатен и ефикасен лосион кој содржи 100% стабилизиран гел од алое вера, со заштитен фактор 30, ја штити вашата кожа од штетното влијание на сончевите UVA и UVB зраци.




**Aloe First-** Природен смирувачки спреј за кожа.




**Active Probiotic-** допринесува за здравјето на дигестивниот систем и штити од штетни бактерии.




**Aloe Vera Gelly-** ја смирува и заштитува кожата, затоа е добро секогаш да ви биде на дофат.

Ви посакуваме пријатен летен одмор со производите на ФЛП!